Универзитетски гласник

*Издавач*
**Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ - Скопје**

*Уредник на издавачката дејност на УКИМ*
**проф. д-р Никола Јанкуловски, ректор**

*Уредник на Универзитетски гласник*
**м-р Марија Маневска, генерален секретар**

*Лектор*
**Весна Илиевска Цветановска**

*Техничко уредување*
**Зоран Кордоски**
**Елизабета Додевска**

# АНТИКОРУПЦИСКА ПРОГРАМА

Врз основа на член 103, став 1, точка 8 од Законот за високото образование (Службен весник на Република Македонија бр. 82/2018 и Службен весник на Република Северна Македонија бр. 178/2021), член 208, став 1, точка 19 од Статутот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје (Универзитетски гласник бр. 425/2019), Ректорската управа, на 263. седница одржана на 21.9.2021 година, ја донесува следнава

## АНТИКОРУПЦИСКА ПРОГРАМА

Корупцијата, како општествено негативна појава, може да претставува проблем за квалитетно и ефикасно обезбедување и на високото образование и вршење на научноистражувачката дејност во сите држави, на сите универзитети, па и на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје.

Целта на овој документ е да се утврдат активностите на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј' во Скопје (во продолжение: УКИМ), во насока на јакнење на политиката на спречување на корупцијата во високото образование. Дизајнирањето на ефективни антикорупциски стратегии на УКИМ бара препознавање на различните форми преку кои се манифестира корупцијата во високото образование, што би овозможило формирање на соодветен антикорупциски пристап. За таа цел, УКИМ донесува Антикорупциска програма, која претставува збир на антикорупциски мерки со кои ќе се гради и ќе се промовира интегритетот на Универзитетот. Развивањето на превентивниот пристап во сузбивање на корупцијата и примената на етичките правила и стандарди ќе придонесе кон унапредување на институционалниот интегритет.

Во согласност со Законот за високото образование и Етичкиот кодекс на УКИМ, своето работење во областа на високообразовната и научноистражувачката дејност, УКИМ го врши законито, професионално, чесно и етично. УКИМ своето работење го заснова врз Законот за високото образование, Законот за вработените во јавниот сектор и релевантната законска рамка за спречување на корупцијата и судирот на интереси, финансиското работење, внатрешната финансиска ревизија, постапките за јавни набавки, вработување и напредување, заштитата на укажувачите и слободниот пристап до информации од јавен карактер.

Облиците на корупција на УКИМ можат да имаат најразлични форми, почнувајќи од најситните неетички постапувања кои предизвикуваат штета по квалитетот на образованието што се нуди, но се јавуваат во континуитет, па сè до облиците на корупција кои претставуваат кривични дела.

УКИМ презема обврска за спроведување на политика на нула толеранција за мито и корупција во рамките на своето работење. УКИМ се грижи за професионално работење со зачувување на интегритетот на вработените, студентите и сите трети лица со кои остварува соработка и се посветува на градење и спроведување на ефективни системи за спречување на корупцијата.

Под корупција во УКИМ се подразбира: секое дејствие или пропуст што ќе го стори член на универзитетската заедница при вршење на својата дејност и работна обврска, а за тоа како возврат бара или прифаќа некаква корист, погодност или интерес за себе или за друго лице, секое пречекорување и прекршување на вршењето на избраната функција во органите и телата на УКИМ и единиците на УКИМ, пропишаните правила за спроведување колоквиуми и испити, оцена на есеи и семинарски трудови, одбрани на дипломски и магистерски трудови и докторски дисертации, избор во звања и сл. заради директно или индиректно ветена, понудена, дадена, побарана, прифатена или очекувана материјална или нематеријална корист, погодност, предност или друг интерес од страна на член на универзитетската заедница, било тоа да е за себе или за некој друг.

Корупцијата во високото образование опфаќа првенствено злоупотреба на авторитетот на наставниот кадар, избраните носители на функции и другите вработени на Универзитетот, насочена кон остварување на материјална корист, услуги или друг вид лична добивка (подароци, спонзорства, експертски ангажмани, патувања, политичко влијание и сл.), во замена за неселективно, правично и со недопуштени пропусти во спроведување на колоквиуми, испити, одбрани на магистерски трудови и докторски дисертации, злоупотреби при издавање на потврди, уверенија и дипломи.

Овој програмски документ е насочен кон преземање на превентивни мерки за намалување на можностите и создавање на неповолни услови за неетичко и коруптивно однесување на вработените на УКИМ, студентите и сите трети лица со кои УКИМ соработува. За ефикасна превенција од корупцијата, подеднакво се важни развивањето на свеста за штетноста од корупција, нормативните решенија и нивното доследно почитување, институционалниот и личниот капацитет и интегритет на секој вработен, а особено на лицата кои управуваат со УКИМ и единиците на УКИМ, како и целосно почитување на автономијата на Универзитетот од страна на сите политички чинители.

## 1. ПРОГРАМСКИ АКТИВНОСТИ

Антикорупциските активности се насочени кон подигање на свеста на вработените и студентите на УКИМ за неопходност од висок степен на професионалност и интегритет во реализацијата на студиските програми, научноистражувачката и апликативната дејност на Универзитетот, со што ќе се влијае на намалување на коруптивните појави и однесувања.

Имајќи го предвид наведеното, Антикорупциската програма на УКИМ за академската 2021/2022 година посебно внимание ќе посвети на:

- превенција, која подразбира отстранување на причините за корупција и коруптивно однесување;
- подигање на свеста кај вработените и студентите за неопходноста од висок професионализам во постапувањето;
- јакнење на интегритетот на вработените;
- издигање на етичките стандарди на највисоко ниво.

Во контекст на наведеното, приоритетни цели ќе бидат:

1. зголемување на отчетноста и транспарентноста на работата на УКИМ;
2. дигитализација на услугите;
3. унапредување на интегритетот на наставниот кадар, вработените и студентите;
4. континуирано промовирање и имплементација на Етичкиот кодекс на УКИМ;
5. јакнење на соработката со Студентското собрание и сите здруженија на граѓани чија примарна цел е превенција од корупција;
6. унапредување на професионалното постапување на вработените во УКИМ преку доследно почитување на процедурите за работа;
7. континуирана и специјализирана обука на наставниот кадар и вработените на УКИМ;
8. мотивирање на студентите да пријават коруптивно и неетичко однесување на УКИМ;
9. афирмација на овластеното лице за прием на пријави за корупција.

### 1.1. Зголемување на отчетноста и транспарентноста на работата на УКИМ

Отчетноста на УКИМ значи дека органите на раководење и управување на Универзитетот и неговите единици, како и целиот наставен кадар, стануваат респонзивни, одговараат и ги аргументираат

и ги објаснуваат своите одлуки и постапки. Целта на отчетноста е да се подигне нивото на меѓусебната соработка во и помеѓу единиците на Универзитетот и органите на УКИМ, да се јакне интегритетот на наставниот кадар, како и да се зголеми довербата на студентите, стручната и пошироката јавност во универзитетскиот кадар.

За остварување на оваа цел, потребно е информирањето на јавноста за прописите, одлуките и целокупната работата на УКИМ и единиците на УКИМ да биде отворено и лесно достапно за сите.

Транспарентноста во работењето на УКИМ подразбира дека на јавноста ѝ се лесно достапни сите прописи, билтени, проекти, одлуки, процедури, наставни планови, јавни набавки, буџети и информации за планираните и преземените активности на органите на УКИМ и неговите единици. Информациите треба да бидат навремени, релевантни и лесно достапни. УКИМ ќе ја зајакне соработката со медиумите, како и со студентските и младински организации заради поширока промоција на своите политики и активности во областа на високото образование, апликативната дејност и науката. За таа цел, особено ќе бидат преземени следниве мерки:

- јавно објавување, на унифициран начин, на веб-страниците на УКИМ и единиците во негов состав, на сите релевантни информации за студентите, вработените и останатите корисници на услуги;
- целосна имплементација на одредбите од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер;
- информирање на студентите за механизмите на спречување на сите видови корупција и судир на интереси и мапирање на ризиците од корупција;
- достапност на резултатите од анкетите за евалуација на наставниот кадар, спроведени на единиците до органите и телата на УКИМ.

## 1.2. Дигитализација на услугите

Со дигитализацијата на услугите кон сите категории студенти на УКИМ, кои ги дава Универзитетот и единиците во негов состав, се зголемуваат транспарентноста, ефективноста, ефикасноста, пристапноста, контролата и анализата на податоците на УКИМ. Затоа, само добро поврзани и интегрирани системи, кои содржат проверени, синхронизирани и точни податоци, а кои, од друга страна, го намалуваат човечкиот фактор во самите процеси, може да придонесат до намалување на корупцијата и лесно откривање на сите настанати злоупотреби, односно откривање на корупцијата. Системот треба да овозможи генерирање на документи кои, од една страна, ќе им го олеснат студирањето на студентите, а од друга страна, ќе овозможи следење на ефикасноста и ефективноста на секој субјект во процесот на издавање на документот, што повлекува и лесно откривање на евентуални незаконити или неодговорни постапки на одредени лица. Со самиот процес на дигитализација и доближување на услугите кон студентите, потребна е промоција на значењето на електронските документи не само кон корисниците на услугите, туку и кон вработениот кадар на УКИМ, како и спроведување на неопходните обуки за користење на дигиталната технологија. Во соработка со единиците на УКИМ кои располагаат со обучен и професионален кадар, УКИМ ќе продолжи да организира обуки од оваа област за сите вработени на кои им е неопходно вакво стручно оспособување.

## 1.3. Унапредување на интегритетот на наставниот кадар, вработените и студентите

Интегритетот на наставниот кадар на УКИМ претставува принцип на негово постојано однесување во согласност со етичките вредности. Тој може да се разгледува како интегритет на индивидуите и интегритет на установата. Професорскиот

интегритет наложува работата на професорот да биде во согласност со јасно дефинирани етички вредности, како што се: непристрасност, еднаквост, праведност и чесност. УКИМ треба да го промовира интегритетот на сите негови нивоа. Професор на УКИМ со интегритет потребно е да претставува пример за своите колеги и на другите универзитети во државата и надвор од неа, затоа професорите се најповикани своето однесување да го усогласат со етичките вредности кои се утврдени во Етичкиот кодекс на УКИМ.

Целиот наставен кадар, како и сите останати вработени и анагажирани лица на УКИМ, потребно е да поседуваат знаења и вештини, етички капацитет, решителност и професионалност преку почитување на воспоставените правила и процедури.

Индивидуалниот интегритет на секој вработен на УКИМ го одразува интегритетот на Универзитетот. Оттука, од голема важност е интегритетот на членовите на органите на раководење и управување на секоја единица во состав на УКИМ, како и на членовите на Сенатот, на Ректорската управа на УКИМ, на проректорите и ректорот, кои преку наметнување на високи професионални вредности треба да овозможат доследно почитување на правилата и прописите при постапување на вработените и студентите, како и почитување на наведените етички вредности.

**1.4. Континуирано промовирање и имплементација на Етичкиот кодекс на УКИМ**

Етичкиот кодекс на УКИМ се применува на лицата избрани во наставно-научни, наставно-стручни, научни, наставни и соработнички звања, кои вршат високообразовна дејност и лицата вработени во стручната и административна служба и помошно-техничките лица на Универзитетот. Тој важи и за други лица што не се вработени на Универзитетот, доколку учествуваат во работата и дејноста на Универзитетот, како и на институциите со кои Универзитетот има склучени договори за меѓусебна соработка.

Секое од наведените лица е потребно да има висок степен на познавање на Кодексот, преку што ќе се обезбеди подигнување на свеста за етика и јакнење на интегритетот на вработените на УКИМ. На овој начин ќе се обезбеди градење на етичка инфраструктура со воведување на етиката во секојдневната работа и нејзино натамошно развивање во установата. Потребно е преку системски пристап да се овозможи Етичкиот кодекс на УКИМ да биде разбран, прифатен и имплементиран од сите лица опфатени со него. Строгото почитување на Етичкиот кодекс значи елиминирање на најголем број причини за можна појава на корупција во редовите на наставниот кадар, вработените и членовите на органите на раководење и управување. Кодексот ги идентификува активностите кои во основа не претставуваат криминално однесување, но се сметаат за неприфатливи, а подлежат и на одговорност утврдена во пропишана постапка и со соодветни санкции изречени од страна на комисии за спроведување на Етичкиот кодекс на УКИМ, и тоа: Етичка комисија на Универзитетот, формирана од Сенатот на Универзитетот, Етичка комисија за студентите, формирана од наставно-научните/научните/наставно-научните и уметнички совети и Етичка комисија за стручната и административна служба, формирана од ректорот на Универзитетот/деканот/директорот на единицата на Универзитетот.

**1.5. Јакнење на соработката помеѓу единиците во состав на УКИМ, како и со Студентското собрание и сите здруженија на граѓани чија примарна цел е превенција од корупција**

Меѓусебната соработка на УКИМ со единиците во негов состав, како и соработката помеѓу единиците преку заеднички и унифициран пристап, има голема улога во спречувањето на корупцијата во процесот на високото

образование. Во таа насока, потребно е јакнење на капацитетите на секоја единица одделно, но и на ниво на УКИМ, во детектирање на ризиците од корупција и судир на интереси. За оваа цел, од огромно значење е навремената размена на информации меѓусебно, а особено со овластеното лице за прием на пријави на корупција на УКИМ. Понатаму, потребно е развивање на соработка и постојана заемна комуникација со Студентското собрание, универзитетскиот омбудсман и сите здруженија на граѓани кои активно учествуваат во реализација на проекти од областа на превенција од корупција и конфликт на интереси.

### 1.6. Унапредување на професионалното постапување на вработените на УКИМ преку доследно почитување на процедурите за работа

Во спречувањето на корупцијата, од особена важност е меѓусебната соработка на секоја единица на УКИМ помеѓу наставно-научниот кадар и вработените во административната служба, преку развивање на систем за редовно информирање за пропустите, недоречеността во процедурите или нивна несоодветна примена што ги загрозува ефикасноста и ефективноста на целата установа. За да се намалат ризиците за коруптивно однесување, потребно е да се почитуваат стандардните оперативни процедури за работа и интерните подзаконски акти, со кои јасно и прецизно се дефинираат работните обврски и задачи на секој од вработените. Секое отстапување од пропишаните процедури, од формален или од материјален аспект, остава простор за сомневање дека постојат коруптивни намери кај вработениот кој отстапил од правилата.

Сите вработени и ангажирани лица на УКИМ и единиците во негов состав, потребно е да го спроведуваат законот и да се раководат според принципите на еднаквост, рамноправност и недискриминација по кој било основ. При извршувањето на своите должности, никој не смее да ја користи својата службена положба или академско звање за остварување на лични цели или потреби на роднини, пријатели, личности или организации со кои биле или се во контакт. Тие мора секогаш да постапуваат во интерес на студентите и развојот на науката, исклучувајќи ги приватните интереси, со почитување на принципите на законитост, универзитетска автономија, ефикасност, доверливост, самостојност, чесност и професионалност.

### 1.7. Континуирана и специјализирана обука на наставниот кадар и вработените на УКИМ

Универзитетскиот кадар, во поддршка и промовирање на системот на кариера базиран на професионализам, потребно е да биде обучуван за значењето и целите на професионалното и етичкото работење за да може низ своето работење во пошироката јавност да промовира високи стандарди на професионализам и етика. Ова вклучува и градење на капацитети за откривање на ризиците од корупција и спроведување на ефикасни антикорупциски мерки. Во реализирање на оваа активност, голема улога имаат органите на управување и раководење на УКИМ и единиците во негов состав, кои треба да организираат специфични и континуирани обуки за сите вработени и ангажирани лица во следната академска година.

За таа цел, потребно е да се подготви Годишна програма за обука на универзитетскиот кадар со соодветни теми од областа на антикорупцијата во високото образование, со обработка на примери од секојдневната практика и посебен акцент на согледаните пропусти од досегашното работење.

### 1.8. Мотивирање на студентите да пријават коруптивно и неетичко однесување на УКИМ

Студентите имаат клучна улога при детекција на корупцијата во Универзитетот и

единиците, и потребно е да се јакне нивната свест дека повеќето случаи на корупција не може да бидат откриени без нивно активно учество и вклученост во процесот. Практиката покажува дека студентите не учествуваат активно во процесот на детектирање на ризиците од корупција, ниту пак во расветлување на евентуални случаи на коруптивно и неетичко однесување од страна на наставно-научниот кадар или административните служби. Причините за непријавување на корупцијата најчесто се субјективни, поради стравот од можните последици. Поради ова, потребно е УКИМ да работи во правец на воспоставување на систем кој ќе обезбеди заштита на пријавувачите, односно укажувачите, водејќи сметка да се избегнат и злонамерни и неосновани пријавувања и дисквалификации на недолжни лица, предизвикани од субјективни причини на пријавувачот.

Заради подигање на свеста на студентите за штетноста од корупцијата во високото образование, УКИМ ќе организира интерактивни програми за приближување до студентските и останатите младински организации, преку реализација на средби, тркалезни маси и работилници за отворени дискусии со студентската популација, со што ќе се зголеми и зајакне соработката со граѓанскиот сектор чии активности се насочени кон превенција од корупција.

### 1.9. Афирмација на овластеното лице за прием на пријави за корупција

Овластеното лице за прием на пријави на корупција на УКИМ, како лице именувано од редот на редовните професори на УКИМ, задолжено да постапува по пријавите за корупцијата, се грижи да го зачува во тајност идентитетот на пријавувачот доколку тој/таа бара да бидат неговите/нејзините идентитетски податоци заштитени, како и да поднесува редовни полугодишни извештаи за своите наоѓања во текот на работата до Сенатот на УКИМ, кои понатаму ќе послужат како основа за подготовка на анализи и акциски планови за превенција од корупција на УКИМ.

Органите на управување и раководење на УКИМ, како и на единиците во негов состав, особено треба да се посветат на спречување на судирот на интереси, употребувајќи ги сите правни и етички механизми за негово избегнување. Постои јасна врска помеѓу корупцијата и судирот на интереси. Корупцијата често пати може да вклучува случаи на судир на интереси, но сите случаи на судир на интереси не се истовремено и случаи на корупција.

## 2. СПРОВЕДУВАЊЕ НА АНТИКОРУПЦИСКАТА ПРОГРАМА НА УКИМ

Одговорност е на сите вработени на УКИМ да се запознаат со насоките и мерките утврдени во Антикорупциската програма на УКИМ и да ја почитуваат нејзината содржина.

За остварување на целите на оваа Програма, УКИМ ќе подготви Акциски план и ќе ја следи нејзината реализација на редовни интервали, вршејќи измени и дополнувања кога е тоа потребно, со цел подобрување на системот за спречување на корупцијата и одговарајќи на ризиците од корупција на кои е УКИМ изложен.

**Р е к т о р**
**Проф. д-р Никола Јанкуловски, с.р**